# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 10 | Четврток, 13 јули 2023 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на Општина Струмица:**

**Рег.бр.** Стр.

**223. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 24-та седница на Советот на општина Струмица ........................................................................................ **2**

**Совет на Општина Струмица:**

**Рег.бр** **Стр.**

**224.Одлука** за утврдување потреба од кофинансирање на Проект за изведба на фекална канализација во населено место Вељуса (фаза 2) со тех.бр.136/10................**3**

**225.Одлука** за утврдување на приоритетен проект Проект за Дел од улица „Братство и Единств-Струмица, Општина Струмица......**3**

**226.Одлука** за доделување парична помош на Лидија Димиткова од Струмица..............**3**

**227.Одлука** за доделување парична помош на Кире Атанасов од с.Куклиш.....................**4**

**228.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.1887, КО Добрејци..............**4**

**229.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица.......................................................**4**

**230.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци ,Општина Струмица.......................................................**5**

**231.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица,урбан модул 1,урбан блок 4 ,Општина Струмица..................................**6**

**232.Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица,

**233.Одлука** за давање на трајно користење на објект на ЈСП „Струмица - Транспорт" Струмица......................................................**7**

**234.Решение** за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПЕД ,,Струмица- Гас" Струмица.................**7**

**235.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПЕД „Струмица – Гас" Струмица за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, бр.08-5852/1 од 12.07.2023 година.........................**8**

**236.Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица со финансиски извештај за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година.......**8**
**237.Заклучок** за давање согласност на Статутот на Јавното сообраќајно претпријатие „Струмица - Транспорт“ Струмица....................................................**8**
**238.Заклучок** за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на статутот на ЈПЗБК „Стационар – Лана“ Струмица.....................**9**

................................................................................

## 223.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 25-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 25-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 11.07.2023 година и тоа:

1. Одлука за утврдување потреба од кофинансирање на Проект за изведба на фекална канализација во населено место Вељуса (фаза 2) со тех.бр.136/10, бр.08-5841/1 од 12.07.2023 година;
2. Одлука за утврдување на приоритетен проект Проект за Дел од улица „Братство и Единство“ – Струмица, Општина Струмица, бр.08-5842/1 од 12.07.2023 година;
3. Одлука за доделување парична помош на Лидија Димиткова од Струмица, бр.08-5843/1 од 12.07.2023 година;
4. Одлука за доделување парична помош на Кире Атанасов од с.Куклиш, бр.08-5844/1 од 12.07.2023 година;
5. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.1887, КО Добрејци, бр.08-5845/1 од 12.07.2023 година;
6. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица, бр.08-5846/1 од 12.07.2023 година;
7. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци ,Општина Струмица, бр.08-5847/1 од 12.07.2023 година;
8. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица,урбан модул 1,урбан блок 4 ,Општина Струмица, бр.08-5848/1 од 12.07.2023 година;
9. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица, бр.08-5849/1 од 12.07.2023 година;
10. Одлука за давање на трајно користење на објект на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица, бр.08-5850/1 од 12.07.2023 година;
11. Решение за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПЕД ,,Струмица- Гас“ Струмица, бр.08-5851/1 од 12.07.2023 година;
12. Заклучок за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, бр.08-5852/1 од 12.07.2023 година;
13. Заклучок за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица со финансиски извештај за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година, бр.08-5853/1 од 12.07.2023 година;
14. Заклучок за давање согласност на Статутот на Јавното сообраќајно претпријатие „Струмица - Транспорт“ Струмица, бр.08-5854/1 од 12.07.2023 година;
15. Заклучок за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на статутот на ЈПЗБК „Стационар – Лана“ Струмица, бр.08-5855/1 од 12.07.2023 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-5856/2 | Општина Струмица |
| 13.07.2023 | Градоначалник |
| С т р у м и ц а | Костадин Костадинов |

.......................................................................

## 224.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од кофинансирање на Проект за изведба на фекална канализација во населено место Вељуса (фаза 2) со тех.бр.136/10**

**Член 1**

Се утврдува потреба од кофинансирање на Проект за изведба на фекална канализација во населено место Вељуса (фаза 2) со тех.бр.136/10, со кој ќе се изведува фекална канализација Фаза 2 во населено место Вељуса.

**Член 2**

За овој проект Општина Струмица аплицираше на Јавен повик по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година објавен од Биро за регионален развој-Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија.

**Член 3**

За кофинансирање на проектот Општина Струмица треба да обезбеди 6.978.606,73 денари, односно 50% од вредноста на проектот.

Потребните финансиски средства за кофинансирање, да се обезбедат од Буџетот на Општина Струмица за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Струмица.

Бр.08-5841/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 225.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување на приоритетен проект за Проект за Дел од улица „Братство и Единство“ – Струмица, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува приоритет на Проект за Дел од улица „Братство и Единство“ – Струмица, Општина Струмица.

**Член 2**

За утврдениот приоритетен проект е добиен грант во рамки на проектот за Поврзување на локални патишта – ЕИП Проекти од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка со реф.бр. LRCP- 9034-MK-RFB-A.2.1.4 од Министерство за транспорт и врски, Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Струмица.

Бр.08-5842/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 226.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Лидија Димиткова од Струмица**

**Член 1**

На Лидија Димиткова од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ 50.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5843/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 227.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Кире Атанасов од с.Куклиш**

**Член 1**

На Кире Атанасов од с.Куклиш му се доделува парична помош во вкупен нето износ од 50.000,00 денари, како помош во обезбедување на парични средства за лекување на неговата сопруга Нетка Атанасова.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5844/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 228.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на КП бр.1887, КО Добрејци**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправните објекти, СТАНБЕНА КУЌА (зграда бр.1) со висина П+Пк (приземје и поткровје) и ПОМОШЕН ОБЈЕКТ (зграда бр.2) со висина П (приземје), кои се наоѓаат на КП бр.1887, КО Добрејци, во сопственост на Јордан Шпиров.

СТАНБЕНА КУЌА (зграда бр.1) со висина П+Пк (приземје и поткровје) и ПОМОШЕН ОБЈЕКТ (зграда бр.2) со висина П (приземје), кои се наоѓаат на КП бр.1887, КО Добрејци, согласно Урбанистички план на село Добрејци се наоѓаат надвор од плански опфат.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5845/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 229.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на

Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 54973,68 м$^2$.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-146/2023 од јуни 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1 од АУП за пречистителна станица и комунална супраструктура КО Дабиља ,Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-146/2023 од јуни 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5846/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

**230.**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци, Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 36482,71 м$^2$.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци ,Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-105/2023 од мај 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.2-3.4.2 од УПВНМ повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци, Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица,

со технички број 03-105/2023 од мај 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5847/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 231.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица,урбан модул 1, урбан блок 4, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица, урбан модул 1, урбан блок 4, Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 34790,43 м$^2$.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица,урбан модул 1,урбан блок 4 ,Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-130/2023 од јуни 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 4; ГП 5.1.2; ГП 5.1.4; и ГП 5.2.2 дел од ДУП за град Струмица,урбан модул 1, урбан блок 4, Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-130/2023 од јуни 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5848/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

## 232.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 451,95м$^2$.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во

состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-153/2023 од јуни 2023 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 30.15 и ГП 30.16 од ДУП за дел од блок 30, УЕ 7 Општина Струмица, изработен од ДПТУИ „ИДЕА-консалтинг“ ДООЕЛ Струмица, со технички број 03-153/2023 од јуни 2023 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5849/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

**233.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**Одлука**
**за давање на трајно користење на објект на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Струмица на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица дава на трајно користење објект, запишан во Имотен лист бр.57429 КО Струмица, КП бр.7034, дел 21, ул. „Војни круг“, број на зграда 1, намена на згр. В4-10, влез 1, кат ПР, вкупна внатрешна површина 909 м2.

**Член 2**

Објектот опишан во член 1 се дава на трајно користење на ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица, без надомест.

**Член 3**

ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 4**

Правото на трајно користење на објектот на корисникот ќе престане доколку:

- Престане да ја обавува дејноста во објектот за која е регистриран;
- Ако не го користи објектот и просториите согласно намената или врши пренамена на објектот;
- Ако навремено не ги изврши тековните активности.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5850/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...................................

**234.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското**

**работење на ЈПЕД ,,Струмица- Гас“ Струмица**

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПЕД ,,Струмица- Гас“ Струмица, се именува Славјана Михаиловиќ со работно искуство од областа на правните работи.

2. Времетраењето на мандатот на членот изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5851/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..................................

**235.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година, бр. 01-212/1 од 15.06.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5852/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..................................

**236.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица со финансиски извештај за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година**

1.Се дава согласност на на Извештајот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица со финансиски извештај за период 01.01.2023 – 31.03.2023 година, бр. 01-3428/ од 16.06.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5853/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..................................

**237.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) и член 187 од Деловникот на Советот на општина Струмица („Службен гласник на општина

Струмица“ бр. 2/06 и 10/07), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Статутот на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица**

1. Се дава согласност на Статутот на ЈСП „Струмица – Транспорт“ Струмица бр. 01-12/1 од 03.07.2023 година, донесен од Управниот одбор на ова претпријатие.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5854/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..................................

**238.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПЗБК ,,Стационар - Лана“ Струмица**

- Се дава согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПЗБК,,Стационар - Лана“ Струмица, бр. 02-377/1 од 30.06.2023 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

- Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5855/1 Совет на општина Струмица
12.07.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..................................